Уп. бр.08-140

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Поли Рецуцлинг АГ Швајцарија (Poly Recucling AG) со регистрирано седиште на Индустрие Ост 8865 Билтен, Швајцарија, преку Адвокатско друштво Пепељугоски од Скопје, на седницата одржана на ден 12.10.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Поли Рецуцлинг АГ Швајцарија (Poly Recucling AG) со регистрирано седиште на Индустрие Ост 8865 Билтен, Швајцарија стекнува директна контрола над Друштво за трговија, производство и услуги ГРИНТЕХ МК ДОО со седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, преку стекнување на удел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 20.09.2023, а дополнето на 25.09.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Поли Рецуцлинг АГ Швајцарија со регистрирано седиште на Индустрие Ост 8865 Билтен, Швајцарија со која Поли Рецуцлинг АГ Швајцарија стекнува директна контрола над Друштво за трговија, производство и услуги ГРИНТЕХ МК со седиште на ул. Фјодор

Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, преку стекнување на 70% удел во основната главнина.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Поли Рецуцлинг АГ е регистрирано за производство и трговија со производи, апарати и машини од секаков вид, за индустриска и трговска употреба, особено за трговија со, и рециклирање секакви метали, пластика, како и стакло за пакување стоки и други материјали и одржување, стекнување, отуѓување и управување со учества во други друштва во земјата и странство. Покрај оваа дејност, Друштвото може да врши финансиски дејности од секаков вид (стекнување, отуѓување и управување со учества во други друштва во земјата и странство, како и стекнување, одржување и управување со земјишта и имот во земјата и странство).

Поли Рецуцлинг АГ нема присуство во Република Северна Македонија.

ГРИНТЕХ МК ДОО Скопје има регистрирана приоритетна дејност: обновување на посебно издвоени материјали. Друштвото врши собирање, транспорт, складирање и преработка на отпад. Друштвото поседува дозволи за третман на отпад од амбалажа од пластика, метал, хартија и стакло. Сепак најголем дел од активностите на друштвото се состојат во преработка на пластична отпадна амбалажа и тоа 95% од вкупното производство.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**